**Друштво за осигурување**
**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ ОД ПРОЛЕТЕН МРАЗ

Ознака: ПУС-пло- пролетен мраз 04.24
Број: 1101-21/05/08
Датум на примена:  09.04.2024

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ

**Член 1**

[1] Осигурувањето покрива штети на осигурените посеви и плодови ако се уништени или оштетени поради пролетен мраз. Под пролетен мраз се подразбира паѓање на температурата на воздухот под 0°C, доколку настане во времето од 31 март по 24:00 часот па до крајот на месец јуни.

[2] Осигурувачот не е во обврска да плати надоместок за штети предизвикани од релативно ниски температури над 0°C и други неповолни временски услови во време на цветање (дожд, ветер и др.) кои влијаат на лошо оплодување или во целост го спречуваат.

[3] Штетата настаната од ризикот пролетен мраз се докажува врз основа на податоците од метеоролошките инструменти (термохигрографи) инсталирани во насадите, или врз основа на значајните оштетувања на осигурените посеви и плодови.

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 2**

[1] Предмет на осигурување се посеви и плодови кои се осигуруваат по Општите услови за осигурување на посеви и плодови со исклучок на младите овошни и лозови насади кои се неродни.

## УСЛОВИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 3**

[1] Осигурувањето од ризикот пролетен мраз може да се склучи само ако посевите и плодовите се осигурени и од ризиците град, пожар или гром, и ако се осигуруваат сите плодови од ист вид кои ги одгледува осигуреникот. Како исклучок, по посебна тарифа, може да се осигураат насади само од ризикот пролетен мраз, кои се заштитени со мрежа против град.

[2] Осигурување на трајни насади мора да биде склучено најдоцна до 15 март. Осигурувањето на останатите култури може да се склучи и во текот на траење на вегетацијата.

## ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ

**Член 4**

[1] Обврската на осигурувачот да плати надомест од осигурувањето за штети од пролетен мраз кај трајните насади започнува во моментот кога насадот ќе помине одредена фаза од својот развој, но не пред 31 март од 24:00 часот. Обврската започнува:

1) кај овошките - во момент на почеток на цветање, кога се отворени барем 20% од цветовите во насадите по поединечни видови и сорти;

2) кај лозовите насади- во моментот на почеток на пупење на виновите лози, што значи дека мора да бидат отворени 20% од пупките и веќе видливи зелени ливчиња кај поединечни сорти (фенофаза Д);

[2] Кај сите останати култури обврската на осигурувачот започнува во 24 часот од десеттиот ден по склучувањето на осигурувањето, додека за градинарските култури и цвеќиња не пред 1 мај во 24 часот.

**ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ (НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕ)**
**Член 5**

[1] Висината на надоместокот од осигурување се одредува од сумата на осигурување или од осигурената вредност согласно Општите услови за посеви и плодови. Ако приносот е намален поради опасности кои осигурувачот не ги покрива, во случај на штета од пролетен мраз надоместокот од осигурување се пресметува од намалениот принос по осигурена цена.

**ВАЖЕЊЕ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ**
**Член 6**

[1] За осигурувањата склучени по посебните Услови за осигурување на посеви и плодови од ризикот пролетен мраз, важат и Општите услови за осигурување на посеви и плодови ако не се во спротивност со Песебните услови.

Овие Услови се донесени врз основа на Овластување на Надзорниот одбор на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје утврдено со Одлука бр.0203-04/13 од 03.03.2023 година и Одлука на Управниот одбор бр. 0202-21/05 од 09.04.2024 година и ќе се применуваат од 09.04.2024 година.